# ШТО ТРЕБА ДА ЗНАМ КОГА **СОБИРАМ**?

## диви видови растенија и нивни делови



ГРИЖЛИВО СОБИРАМЕ

За да постигнете **ДОБАР КВАЛИТЕТ И ЦЕНА,** при собирање на растенијата препорачуваме да внимавате на следното



### Собирај само на суво и сончево време

Растенијата не се собираат за време на дожд и по дожд затоа што тешко се сушат, поцрнуваат при сушење и ги губат лековитите својства.

### Собирај само видови кои добро ги познаваш

Постојат ретки и загрозени диви растенија кои се под заштита, согласно Законот за заштита на природата. Кога собираш растенија слични по изглед со видовите кои се заштитени или строго заштитени, научи да ги препознаваш и разликуваш.



### Собирај кога лековитите својства на растенијата се најсилни

Растенијата не содржат иста количина на лековити материи во кое било време од годината. Важно е да се знае во која фаза од нивниот развој треба да се собираат. Нивната цена се зголемува ако се собираат кога лековитите својства им се најсилни.

### Собирај го само делот од растението во кое се акумулираат лековити материи

Различни делови од растението имаат различни состојки и корисни својства, затоа треба да се собираат одделно и во различни периоди.

### Се собираат само растенија кои се здрави, чисти, на кои нема паразити и механички оштетувања

Од растенијата се подготвуваат лекови, храна и козметички препарати, затоа мора да бидат чисти.



## СОБИРАЈ ГРИЖЛИВО

Ресурсите од лековити растенија се обновливи, но не и неисцрпни

### Не собирај единечни и расфрлани растенија

Собирај само од локалитети со густа популација на видовите, затоа што така растенијата полесно и побрзо се обновуваат.





### Наоѓалиштата од кои се собираат дивите растенија треба наизменично да се менуваат за да имаат време да се обноват

Периодот на обновување е од 1 до 5 години, во зависност од видот и делот на растението кој се собира.

### Собирај ги само оние делови кои се користат, без оштетување на останатите делови од растението

При корнење на растенијата, кога собираш луковици или корења се оставаат доволно единки за да не дојде до намалување на популациите.

**Не ги загадувај местата каде растат дивите растенија**

**Не предизвикувај пожари на местата каде растат дивите растенија**

### Внимавај, во природата треба да остане:

- 80% од пупките
- 80% од растенијата, кога собираш луковици или корења
- 70% од листовите
- 30% од цветовите и семето
- 20% од плодот

**Дивите растенија се собираат подалеку од** фреквентни патишта, индустриски објекти и области, како и други **извори на загадување**.

**Мешањето различни видови не само што е непожелно, туку може да биде и опасно**, особено кога се собираат отровни и ароматични растенија.

При собирањето на отровни или алергени диви растенија, важно е да се носи соодветна облека, ракавици и маски за лице. Измиј ги рацете темелно пред јадење и не ги допирај очите, устата и носот.

Совети за **БЕЗБЕДНОСТ** при собирање диви растенија од природата

**Растенијата се собираат со чисти раце, чисти алатки и во чисти садови**



Растенијата треба да се собираат во корпи, кошници или кутии, за **да не се притискаат, набиваат и да не бидат механички оштетени**.

Возилата во кои се пренесуваат, мора да бидат чисти, суви и покриени.

**Свежите растенија не се оставаат во куп**

Растенијата веднаш се вадат од садот во кој се собрани и се простираат на чисто и суво место, без пристап на инсекти, глодари, птици и миленичиња. Пред сушење се чистат од  други растенија, почва, песок, камења, сламки и др.

Овој информативен материјал дава низа препораки за пронаоѓање рамнотежа помеѓу зачувување на природата и обезбедување приходи за локалните заедници.

Собирањето диви растенија и шумски плодови од природата е традиција, која со години се практикува во нашата земја. Овие ресурси имаат важна улога во егзистенцијата на многу семејства, особено во планинските региони. Дивите растенија од природата се користат за:

- трговски/комерцијални цели (во поголеми количини) и
- лични потреби (помали количини).

**Дивите растенија имаат најмногу лековити својства и носат најдобри приходи кога се собираат, транспортираат, преработуваат и складираат според правилата. Квалитетот и опстанокот на овие природни ресурси зависи од знаењето и вештините на собирачите.**

# Обврски за **Собирачите**

Собирањето диви видови растенија за трговски цели, производство и други економски активности може да се изврши само со:

- Платена такса и издадена дозвола. Дозволата за собирање на диви видови ја издаваат следните установи: Министерство за животна средина и просторно планирање и Јавно Претпријатие „Национални шуми“.
- Претходно поминатa обука за одржливо собирање.

**Во случај на прекршок, инспектори од Државниот инспекторат за животна средина и Државниот инспекторат за шумарство и ловство можат да наплатат мандатна казна за прекршителот.** За повеќе информации околу дозволите за собирање обратете се на следниве имеил адреси: infoeko@moepp.gov.mk и komunikacii@mkdsumi.com.mk

ГРИЖЛИВО СОБИРАМЕ

Оваа активност се спроведува во рамките на Проектот „Постигнување на заштита на биолошката разновидност преку воспоставување и ефикасно управување со заштитените подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето“, финансиран од Глобалниот фонд за животна средина, а се имплементира преку Програмата за животна средина на ОН и Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП). Проектната активност ја спроведува Фондацијата Информација и заштита на природата, Подружница во Република Северна Македонија.

www.ecologybg.com

gef

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

UN environment programme